РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ...ОЛА
Примено: 17.09.2025
Орг.Един: 11 Број: 159 Прилог: Вредн...

До: Сектор за урбанизам при општината

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Листа на правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање
2. Сите позиции одредени за билборди на општината (локација, адреса, GPS координати, опис, кому е доделена позицијата/правно лице/агенција)
3. Тип на билборди на територија на општината (бигборд, ситилајт, мегаборд (вклучително и уникатни шифри/кодови)
4. Вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите
5. Договорите кои се склучени со правните лица/агенциите

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ______________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 08/09/2025_ година** **Потпис**

[redacted]

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за спроведување на урбанистички планови

Бр.11-159/2
22.09.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-159/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

22.09.2025г

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 22. 09. 2025
| Ор. Един: | Број | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 159/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за спроведување на урбанистички планови
22.09.2025 год.

**До**
**Одделение за административни и општи работи**

**Предмет** : Одговор на Барање за пристап до информации од јавен каратер
**Врска** : Ваш број 11-159/2 од 22.09.2025 год.

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен каратер заведено под Ваш број 11-159/2 од 22.09.2025 год., Ве известуваме дека со увид во базата на податоци во електронскиот систем „е-јавни набавки„ утврдено е дека Општина Битола има потишано договор со следните правни лица за користење на простор за поставување рекламно информативнипаноа, и тоа :

- Вивит компани ДОО Скопје ,
- ГИР-РИГ ДООЕЛ Охрид ,
- СКРИН-МЕДИА ДООЕЛ експорт-импорт Желино
- ОК Медиа ДООЕЛ Скопје ,
- Акцент Медија ДООЕЛ Скопје

Сите параметри (типот и позиции за поставување на рекламно информативни паноа) се предвидени со програмата за поставување на рекламни паноа, односно,

1. Големи рекламни паноа (101)

Рекламно пано во рамките на поширокота градска средина, 6 рекламно паноа во рамките на контактните зони на старото градско јадро, а во старото градско јадро нема предвидена локација за поставување на големи рекламни паноа, согласно законската регулатива. На ул. Македонски Гемиџии, како нов дел од примарната улична мрежа на градот, новопредвидени се 6 локации за поставување на големи рекламни паноа

2. Светлечки рекламно информативни табли на улично осветлување.

Се предвидени на уличното осветлување на примарната улична мрежа низ градот. Централниот дел на ул. 8-ми септември; северниот дел на ул. Филип II Македонски до пресек со ул. Баталјон Стив Наумов; јужниот дел од ул. Прилепска до пресек со ул. Баталјон Стив Наумов; ул, Довлеџик; ул. Генерал Васко Карангелевски; ул. Партизанска; источниот крак на ул. Македонска Фаланга до пресек со ул. Партизанска.
Истите е предвидено да се поставуваат на висина од мин. 450cм над коловозот и да се со мах. димензии од 140x90cм.

3. Кружни информативни паноа и електронски информативни пунктови.

Се концентрирани во централното градско подрачје, односно кружните паноа се поставени на 3 локации долж оската на ул. Широк Сокак, додека електронските инфомативни пунктови се поставени на две локации, едната на јужниот крај на ул. Широк Сокак, другата пред влезот на Старата Битолска Чаршија.

Изработил:
Зоран Кочински- дарх.тех.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА • 11

**Раководител на Одделение**
Христијан Атанасовски, дипл.инж.арх

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-159/4
22.09.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **17.09.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-159/2025** од **17.09.2025 година**, во врска со информација за листа ба правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор поставување на билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање,сите позиции одредени за билборди на општината,тип на билборди на територијата на општината,вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите и договорите кои се склучени со правните лица/агенците.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под **бр.11-159/2025** од **17.09.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информации за листа ба правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор поставување на билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање,сите позиции одредени за билборди на општината,тип на билборди на територијата на општината,вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите и договорите кои се склучени со правните лица/агенците.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-159 од 17.09.2025.
2. Допис до Одделение за спроведување на урбанистички планови бр.11-159/2 од 22.09.2025.
3. Одговор од Одделение за спроведување урбанистички планови бр.11-159/3 од 22.09.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 22.09.2025 година, под бр. 11-159/4.

**Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА